## Електронски упис на ученици

Во новата учебна 2023/2024 година во сите средни училишта во државата се обезбедени 29.798 слободни места за идните средношколци во 937 паралелки, од кои 279 паралелки се предвидени за гимназиско образование и 658 паралелки во средните стручни училишта. Во соработка со општините и компаниите се обезбедени и 6.475 слободни места во 259 паралелки во дуалното образование.

Условите и потребните документи за запишување на учениците во средно училиште се достапни на следниот **линк**.

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во еден уписен рок со две пријавувања во јуни – првото на 20 и 21 јуни и второ пријавување на 27 и 28 јуни, преку порталот за електронски услуги на МОН, каде учениците треба да се најават преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

Во средните училишта во Општина Кочани во СОУ „Љупчо Сантов“ во прва година ќе се запишат 254 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:

**Гимназиско образование** - 102 ученици, 3 паралелки, со 60 поени минимум
**Економско - правна и трговска струка** - 127 ученици, 4 паралелки

- економски техничар за 102 ученика во 3 паралелки со 60 поени минимум

- бизнис администратор во соработка со локалните компании : Делта Холдинг, Але Дар Инжинеринг, Европа 92, Исток Мермер, Култ Консалтинг, Тонко СР, Тех Ком ДООЕЛ, Мицевски Консалтинг за 25 ученика со 60 поени минимум.

**Хемиско - технолошка струка** со 25 ученици, 1 паралелка

- хемиски лабораторски техничар во соработка со локалните компании „ЕКСКЛУЗИВ“ увозизвоз доо – Кочани, „Макпрогрес“ Друштво за трговија и производство Виница ДПТУ млечна индустрија „Осогово - Милк“,КЈП Водовод, Центар за јавно здравје, Земјоделски институт, Аграр- КО, ДПТУ„Антхура МК“ ДООЕЛ увозизвоз Кочани за 25 ученика со 45 поени минимум

СОУ „Гошо Викентиев“ Во прва година ќе се запишат 304 ученици во 10 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за**:**

**Машинска струка** - 127 ученици, 4 паралелки

**-**техничар за производно машинство/машински техничар за моторни возила во соработка со РУЕН ИНОКС АУТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани за 25 ученика во 1 дуална паралелка со 55/45 поени минимум

- техничар за компјутерско управување за 34 ученика во 1 паралелка со минимум 45 поени

- машински техничар/ машинскоенергетски техничар за 34 ученика со минимум 45 поени

- автомеханичар / заварувач / обработувач на метал за 34 ученика со 30 поени минимум.

**Електротехничка струка - 143 ученици во 5 паралелки**

- електротехничар за електроника и
Телекомуникации во соработка со АМФЕНОЛ ТЕХНОЛОЏИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Кочани.за 50 ученици со минимум 50 поени во 2 паралелки

- електротехничар за компјутерска
техника и автоматика за 34 ученици со минимум 55 поени

- електротехничар – енергетичар во соработка со соработка со ЕЛЕКТРО ХЕРЦ

ДООЕЛ Кочани, ЕЛЕКТРОВИН,ДООЕЛ Кочани,ЕЛЕКТРИКА ДООЕЛ, МАКПРОГРЕС ДОО Виница за 25 ученици со минимум  45 поени

- електромеханичар / електричар за 34 ученици. 1 паралелка. 3 годишно.со минимум 30 поени

**Сообраќајна струка - 34 ученици, 1 паралелка**
- техничар за транспорт и шпедиција за  34 ученици со минимум. 60 поени

Поради законската обврска за задолжително средно образование се замолуваат сите ученици и ученички од деветто одделение да го направат навремено уписот во средно образование.